# ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА

**Извештај за финансиското работење на претпријатието во првиот квартал од 2019 година**

Скопје, 2019

# СОДРЖИНА

I. Општи информации

II. Табеларен приказ на тримесечен финансиски извештај за I квартал 2019

III. Остварени приходи I квартал 2019

IV. Остварени расходи I квартал 2019

V. Биланс на состојба I квартал 2019

VI. Биланс на успех I квартал 2019

VII. Табела специфицирани приходи I квартал 2019

VIII. Табела специфицирани расходи I квартал 2019

IX. Извештај за реализирани инвестициони активносати I квартал 2019

## ВОВЕД

Овој извештај се изготвува согласно член 5 од Законот за јавните претпријатија и се однесува за периодот I-III-2019 година. Извештајот се доставува до Владата на Република Северна Македонија, како основач на Јавното претпријатие за државни патишта (ЈПДП). Во извештајот е прикажана реализацијата на приходите и приливите, расходите и одливите и инвестициите во првиот квартал од 2019 година. Извршена е споредба на нивната реализација во однос на реализацијата во истиот период од 2018 година.

## I. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

Јавното Претпријатие за државни патишта е основано на 03.01.2013 година со Одлука за основање број 41-10147/1 од 28.12.2012 донесена од Владата на Република Македонија. Претпријатието е правен следбеник на Агенцијата за државни патишта Скопје.

Во периодот јануари - март 2019 година Јавното претпријатие за државни патишта реализираше задачи утврдени со Програмата за изградба, рехабилитација, реконструкција, одржување и заштита на државните патишта, при што ги оствари следните активности и соодветни финансиски резултати:

## II. Тримесечен финансиски извештај за работењето на ЈП за државни патишта за периодот јануари - март 2019 година

| Ред.бр. | Опис | План 2019 | Остварено 2019 | Остварено 2018 | Структурна анализа 2019 | Споредбена анализа (остварено 2019/план 2019) | Споредбена анализа (остварено 2019/остварено 2018) | Образложение/забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **ВКУПНИ ПРИХОДИ:** | **8.086.000.000** | **1.465.249.883** | **2.020.827.057** | **100,00%** | **18,12** | **72,51%** | |
| 1.1 | Приходи од патарина | 2.750.000.000 | 495.096.356 | 475.277.150 | 33,79% | 18,00 | 104,17% | |
| 1.2 | Приходи од регистрација | 1.628.000.000 | 335.437.337 | 341.573.125 | 22,89% | 20,60 | 98,20% | |
| 1.3 | Други приходи | 43.000.000 | 5.207.936 | 5.402.623 | 0,36% | 12,11 | 96,40% | |
| 1.4 | Дел од акциза од нафтени деривати | 3.100.000.000 | 625.466.684 | 633.578.621 | 42,69% | 20,18 | 98,72% | |
| 1.5 | Приходи од камати,пресметани позитивни курсни разлики и останати долгорочни вложувања | 565.000.000 | 4.041.570 | 564.995.538 | 0,28% | 0,72 | 0,72% | |
| | | | | | | | | |
| **2** | **ВКУПНИ РАСХОДИ:** | **5.465.500.000** | **1.610.455.278** | **1.013.163.404** | **100,00%** | **29,47** | **158,95%** | |
| 2.1 | Трошоци суровини и материјали | 21.000.000 | 17.575.548 | 14.584.228 | 1,09% | 83,69 | 120,51% | |
| 2.2 | Услуги со карактер на материјални трошоци | 979.000.000 | 374.164.136 | 372.713.478 | 23,23% | 38,22 | 100,39% | |
| 2.3 | Останати трошоци од работење | 344.500.000 | 169.474.102 | 171.298.392 | 10,52% | 49,19 | 98,94% | |
| 2.4 | Амортизација | 1.800.000.000 | 429.722.059 | 416.106.999 | 26,68% | 23,87 | 103,27% | |
| 2.5 | Трошоци за вработените | 265.000.000 | 42.780.794 | 36.165.529 | 2,66% | 16,14 | 118,29% | |
| 2.6 | Расходи за камати и негативни курсни разлики (финансиски расходи) | 2.056.000.000 | 576.738.639 | 2.294.778 | 35,81% | 28,05 | 25132,66% | |
| 3 | ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ (ДОБИВКА/ЗАГУБА): | | -145.205.395 | 1.007.663.653 | | | | |
| 4 | ВКУПНИ НЕИЗМИРЕНИ ОБВРСКИ: | | 1.383.680.930 | 1.392.064.561 | | | | |
| 5 | ВКУПНИ НЕНАПЛАТЕНИ ПОБАРУВАЊА | | 3.424.151.070 | 4.238.290.999 | | | | |
| 6 | СОСТОЈБА НА ЖИРО СМЕТКИ (денарски и девизни) | | 3.452.304.907 | 2.683.297.350 | | | | |
| 7 | ВКУПЕН БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ ЛИЦА | | 442 | 423 | | | | |
| | Број на лица вработени на неопределено време во претпријатието/друштвото | | 336 | 328 | | | | |
| | Број на лица вработени на определено време во претпријатието/друштвото | | 106 | 95 | | | | |
| | Број на привремено вработени лица во претпријатието/друштвото | | | | | | | |
| 8 | ИЗНОС НА ПРОСЕЧНО ИСПЛАТЕНА НЕТО ПЛАТА ВО ПРЕТПРИЈАТИЕТО | | 28.872 | 29.321 | | | | |

## III. ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ

Планираните приходи на ЈПДП за 2018 година произлегуваат од изворите на средства за финансирање на основната дејност на претпријатието утврдени согласно Законот за јавните патишта и тоа:

1) дел од акцизата од нафтени деривати;
2) надоместок за употреба на јавните патишта за моторни и приклучни возила (патна такса);
3) надоместок за употреба на јавен пат, негов дел или објект на патот (патарина);
4) надоместок за :

   а) поставување натписи и рекламни табли во заштитниот појас на државните патишта,

   б) приклучување на пристапен пат на државен пат,

   в) поставување на инсталации во трупот на патот, во патниот и заштитниот појас на државен пат,

   г) изградба и користење на комерцијални објекти на кои е дозволен пристап на државен пат надвор од населено место,

   д) прекумерно користење на пат,

   ѓ) вонреден превоз и

   е) штета сторена на патот и објектите на патот,
5) средства од Буџетот на Република Македонија;
6) заеми и кредити и
7) други приходи.

Висината на средствата од точка 1 се утврдува со Одлука на Владата на Република Македонија и таа не може да биде помала од 20% од вкупниот приход остварен врз основа на акциза од нафтени деривати.

Во периодот јануари - март 2019 година ЈП за државни патишта ги има остварено следниве приходи:

1. **Приходот остварен од делот од акцизата од нафтени деривати**, на ЈП за државни патишта во првиот квартал од 2019 година изнесува 625.466.684 денари, односно 20,18% од планираните за 2019 година. Согласно Законот за јавните патишта овие средства се трансферираат од Буџетот на Република Македонија на сметка на Јавното претпријатие најмалку четири пати годишно, во интервали од најмалку три календарски месеци.

2. **Приход остварен од надоместокот за употреба на јавен пат, негов дел или објект на патот (патарина)** во износ од 495.096.356 денари, односно 18,00% од вкупно планираниот приход по оваа основа за 2019 година. Во споредба со истиот период од 2017 година, приходите врз оваа основа се поголеми за 4,17%, односно за 19.819.206 денари. Висината на тој надоместок е определена во зависност од должината на делницата на која се наплаќа надоместокот и од категоријата на возилата во согласност со Одлука донесена од Владата на РМ за висината и начинот на наплата на надоместокот за употреба на пат (патарина) бр.19-3442/1 од 14 јули 2009 година и Одлука за изменување на Одлуката за висината и начинот на наплата на надоместокот за употреба на пат (патарина) ("Службен весник на Република Македонија" бр.103/2014).

3. **Приход остварен од надоместокот за употреба на јавните патишта за моторни и приклучни возила (патна такса)** што се плаќа при **регистрација на возилата,** во износ од 335.437.337 денари, што е 20,60% од планираните приходи по таа основа за 2019 година. Остварувањето на овој приход е врз основа на примена на Одлуката на Владата на РМ бр.19-4732/1 од 22 септември 2009 година за висината и начинот на плаќање на надоместокот за употреба на јавните патишта за моторните и приклучните возила (патна такса) и Одлука за изменување на Одлуката за висината и начинот на плаќање на надоместокот за употреба на јавните патишта за моторните и приклучните возила (патна такса) ("Службен весник на Република Македонија" бр.103/2014). Според Одлуката, имателите на моторните и приклучните возила, надоместокот го плаќаат при регистрација на возилата годишно, а во зависност од влијанието на возилото врз оштетувањето на патот. Овој приход е намален за износот на средствата кои ЈП за државни патишта ги има вратено на имателите на моторни и приклучни возила кои вршат меѓународен транспорт за деновите поминати во странство, согласно Одлуката.

**4. Други приходи на ЈП за државни патишта согласно Законот за јавни патишта** изнесуваат 5.207.936 денари или 12,11% од планираните средства за 2019 година. Тие беа остварени врз основа на надоместоци што се плаќаат на магистралните и регионалните патишта, согласно „Одлуката за висината на надоместокот за поставување на натписи и рекламни табли во заштитниот појас на државен пат, приклучување на пристапен пат на државен пат, поставување на инсталации во трупот на патот и патниот појас на државен пат, изградба и користење на комерцијални објекти на кој е дозволен пристап на јавен пат надвор од населено место, за прекумерно користење на државен пат, за вонреден превоз и за штета на државен пат и на објектите на патот", како и други приходи.

**5.Приходи** од камати во износ од 414.092 денари, пресметани позитивни курсни разлики 3.627.478 денари или вкупно приходи по двата основи 4.041.570 денари.

## IV. ОСТВАРЕНИ РАСХОДИ

Во периодот јануари - март 2019 година направени се расходи по следниве позиции:

1. **Трошоци за суровини и материјали и електрична енергија_________17.575.548** денари:
   - трошоци за канцелариски материјали------------------ 896.737 денари
   - трошоци за средства за хигиена и чистење------------ 232.185 денари
   - трошоци за ролни за фискални каси на наплатни станици------- 1.540.026 денари
   - трошоци за електрична енергија, гориво и др. трошоци за енергија--14.906.600 денари

2. **Услуги со карактер на материјални трошоци______________________374.164.136** денари:
   - трошоци за ПТТ услуги, мобилна телефонија, интернет------ 2.738.760 денари
   - трошоци за одржување патишта (Македонијапат)------------- 336.380.046 денари
   - трошоци за одржување на опрема, одржување на софтвер, одржување хигиена на наплатни станици и други трошоци--- 4.475.462 денари
   - режиски трошоци (вода, собирање смет по наплатни, парно)--- 3.327.659 денари
   - трошоци за огласи------------------------------------------------------------- 307.696 денари
   - трошоци за надзор над одржување на државни патишта------- 17.844.064 денари
   - трошоци за провиизија за здруженија за технички преглед---- 9.026.040 денари
   - други трошоци за услуги------------------------------------------------- 64.409 денари

3. **Останати трошоци од работењето____________________________________169.474.102** денари:
   - надоместоци за членови на УО и НО------------------------------------------ 312.222 денари
   - трошоци за репрезентација------------------------------------------------------- 158.333 денари
   - трошоци за осигурување---------------------------------------------------------- 41.443 денари

- трошоци за банкарски провизии--------------------------------------------- 6.658.596 денари
- останати трошоци (административни, судски, нотарски такси)----- 695.714 денари
- трансфери кон ЕЛС за одржување локални патишта и улици------- 158.298.979 денари
- исплати по основ на договори за вработени во проектна единица-- 328.120 денари
- трошоци за вештачења, адвокатски услуги, трошоци по судски извршни решенија--------------------------------------------------------------------- 2.980.695 денари

**4.Пресметан трошок за амортизација________________________________429.722.059 денари**

**5.Трошоци за вработените__________________________________________ 42.780.794 денари:**

- Трошоци за бруто плати------------------------------------------------------------ 38.887.235 денари
- Солидарна помош, одвоен живот---------------------------------------------- 64.243 денари
- Трошоци за превоз на инкасанти, обуки и други---------------------------- 3.829.316 денари

**6. Расходи за камати и пресметани негативни курсни разлики (финансиски расходи)______________________________________ 576.738.639 денари:**

- негативни курсни разлики------------------------------------------------- 576.613.872 денари
- камати------------------------------------------------------------------------------- 124.767 денари

1.Трошоците за суровини, материјали и електрична енергија се поголеми во однос на истиот период минатата година поради тоа што во овој квартал пристигнати и платени се фактури за електрична енергија од претходниот квартал и трошоци направени за приклучоци кон дистрибутивната мрежа за осветлување на клучки и раскрсници на државните патишта.

2.Услуги со карактер на материјални трошоци во извештајниот период се реализирани во износ од 374.164.136 денари.

3.Останати трошоци од работењето во извештајниот период се реализирани во износ од 169.474.102 денари.

4.Пресметаниот трошок за амортизација во првиот квартал од 2019 година изнесува 429.722.059 денари.

5.Трошоците за вработените во извештајниот период се поголеми во споредба со истиот период минатата година, поради зголемениот број на вработените во однос на истиот период минатата година (воглавно инкасанти на наплатните станици за патарина), примени по добиени согласности за вработување.

6.Расходи за камати и пресметани негативни курсни разлики во извештајниот период изнесуватт 576.738.639 денари. **Напомена**: Пресметаните позитивни и негативни курсни разлики произлегуваат од користењето и отплатата на странски кредити, односно од задолженоста на ЈП за државни патишта.

| | V.БИЛАНС НА СОСТОЈБА | Остварено прв квартал 2018 | План прв квартал 2019 | Остварено прв квартал 2019 | Споредбена анализа оств.тек.год./ оств.претх.год(%) | Споредбена анализа оств.тек.год./план. тeков,год (%) | Структурна анализа тековна година (%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **АКТИВА** | | | | | | |
| 1 | Парични средства | 2.683.297 | 759.226 | 3.452.305 | 128,66% | 454,71% | 3,63% |
| 2 | Побарувања краткорочни | 57.059 | 83.646 | 393.736 | 690,05% | 470,72% | 0,41% |
| 3 | Залихи | 1.448 | 343 | 1.465 | 101,17% | 427,43% | 0,00% |
| 4 | Краткорочни финансиски средства | | | | | | |
| 5 | Други тековни средства (АВР) | 10 | 7.808 | 40.510 | 405100,00% | 518,81% | 0,04% |
| **6** | **Тековна актива (1+2+3+4+5)** | **2.741.814** | **851.023** | **3.888.016** | **141,80%** | **456,86%** | **4,09%** |
| 7 | Материјални средства и вложувања во недвижност | 82.005.159 | 22.720.172 | 91.157.917 | 111,16% | 401,22% | 95,82% |
| 8 | Долгорочни финансиски вложувања (долгорочни побарувања) | 76.852 | 15.724 | 62.970 | 81,94% | 400,48% | 0,07% |
| 9 | Нематеријални средства | 25.802 | 5.754 | 20.796 | 80,60% | 361,45% | 0,02% |
| 10 | Долгорочни финансиски средства | | | | | | 0,00% |
| 11 | Други средства | | | | | | 0,00% |
| **12** | **Вкупна актива (6+7+8+9+10+11)** | **84.849.627** | **23.592.671** | **95.129.699** | **112,12%** | **403,22%** | **100,00%** |
| 13 | Вонбилансна актива | | | | | | |
| | **ПАСИВА (Обврски и Акционерски капитал)** | | | | | | |
| 14 | Краткорочни обврски | 2.554.531 | 1.429.052 | 3.154.496 | 123,49% | 220,74% | 3,32% |
| 15 | Одложено плаќање на трошоци и приходи (ПВР) | 816.158 | 270.866 | 847.700 | 103,86% | 312,96% | 0,89% |
| **16** | **Тековни обврски (14+15)** | **3.370.689** | **1.699.918** | **4.002.196** | 118,74% | 235,43% | 4,21% |
| 17 | Долгорочни обврски | 30.407.472 | 8.750.768 | 38.704.633 | 127,29% | 442,30% | 40,69% |
| 18 | Други долгорочни обврски и резервирања за ризици и трошоци | 132.035 | 34.230 | 136.919 | 103,70% | 400,00% | 0,14% |
| **19** | **Нетековни средства (17+18)** | **30.539.507** | **8.784.997** | **38.841.552** | 127,18% | 442,14% | 40,83% |
| **20** | **Обврски (16+19)** | **33.910.196** | **10.484.915** | **42.843.748** | 126,34% | 408,62% | 45,04% |
| 21 | Капитал | 5.000 | 1.250 | 5.000 | 100,00% | 400,00% | 0,01% |
| 22 | Акумулирана добивка | 32.883.817 | 8.737.859 | 34.951.434 | 106,29% | 400,00% | 36,74% |
| 23 | Резерви | 2.067.617 | 1.294.720 | 5.178.880 | 250,48% | 400,00% | 5,44% |
| 24 | Ревализациони резерви | 9.796.453 | 2.449.113 | 9.796.453 | 100,00% | 400,00% | 10,30% |
| 25 | Добивка/Загуба деловна година | 6.186.544 | 624.815 | 2.354.184 | 38,05% | 376,78% | 2,47% |
| **26** | **Вкупен капитал (21+22+23+24+25)** | **50.939.431** | **13.107.756** | **52.285.951** | 102,64% | 398,89% | 54,96% |
| **27** | **Вкупно обврски и капитал (20+26)** | **84.849.627** | **23.592.671** | **95.129.699** | 112,12% | 403,22% | 100,00% |
| 28 | Вонбилансна пасива | | | | | | |

VI. Табела БИЛАНС НА УСПЕХ прв квартал 2019 година

во илјада денари (000)

| Поз | Опис | Остварено прв квартал 2018 | План I квартал 2019 | Остварено I квартал 2019 | Споредба остварено тековна година/оств. претх. год | Споредба остварено тековна година/планирано | Структурна анализа тековна година |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Приходи од дејноста | | | | | | |
| 2 | Акциза | 633.579 | 775.000 | 625.467 | 98,72% | 80,71% | 42,80% |
| 3 | Патарина | 475.277 | 687.500 | 495.096 | 104,17% | 72,01% | 33,88% |
| 4 | Регистрација (патна такса) | 341.573 | 407.000 | 335.437 | 98,20% | 82,42% | 22,96% |
| 5 | Други Приходи | 5.403 | 10.750 | 5.208 | 96,39% | 48,45% | 0,36% |
| 6 | Вкупно приходи од дејноста | 1.455.832 | 1.880.250 | 1.461.208 | 100,37% | 77,71% | 100,00% |
| 7 | Финансиски приходи | | | | | | |
| 8 | Камати | 108 | 1.250 | 414 | 383,33% | 33,12% | 10,24% |
| 9 | Позитивни курсни разлики | 564.887 | 140.000 | 3.627 | 0,64% | 2,59% | 89,76% |
| 10 | Вкупно Финансиски приходи | 564.995 | 141.250 | 4.041 | 0,72% | 2,86% | 100,00% |
| 11 | **Вкупно приходи** | **2.020.827** | **2.021.500** | **1.465.249** | **72,51%** | **72,48%** | **100,00%** |
| | | | | | | | |
| 12 | Расходи од дејноста | | | | | | |
| 13 | Трошоци за материјали и сл. | 14.584 | 5.250 | 17.576 | 120,52% | 334,78% | 2,91% |
| 14 | Трошоци за услуги со карактер на материјални трошоци | 372.713 | 244.750 | 374.164 | 100,39% | 152,88% | 61,95% |
| 15 | Трошоци за плата и надоместоци | 36.166 | 66.250 | 42.781 | 118,29% | 64,58% | 7,08% |
| 16 | Останати трошоци од работењето | 171.298 | 86.125 | 169.473 | 98,93% | 196,78% | 28,06% |
| 17 | Вкупно Расходи од дејноста | 594.761 | 402.375 | 603.994 | 101,55% | 150,11% | 100,00% |
| 18 | Камати за кредити | 169 | 125.000 | 125 | 73,96% | 0,10% | 0,01% |
| 19 | Амортизација | 416.107 | 450.000 | 429.722 | 103,27% | 95,49% | 42,70% |
| 20 | Негативни курсни разлики | 2.126 | 389.000 | 576.613 | 27121,97% | 148,23% | 57,29% |
| 21 | Вкупно останати расходи | 418.402 | 964.000 | 1.006.460 | 240,55% | 104,40% | 100,00% |
| 22 | **Вкупно расходи** | **1.013.163** | **1.366.375** | **1.610.454** | **158,95%** | **117,86%** | **100,00%** |
| | | | | | | | |
| 23 | Финансиски резултат | 1.007.664 | 655.125 | -145.205 | -14,41% | -22,16% | |
| 24 | Данок на добивка | | | 0 | | | |
| 25 | Нето Финансиски резултат | 1.007.664 | 655.125 | -145.205 | -14,41% | -22,16% | |

во илјада денари (000)

## VII. Табела ТАБЕЛА СПЕЦИФИЦИРАНИ ПРИХОДИ ПРВ КВАРТАЛ 2019

| | 3. Специфицирани приходи | Остварено прв квартал 2018 година | Планирано прв квартал 2019 година | Остварено прв квартал од 2019 година | Споредбена анализа оств. тек. година/ оств. претх. Год. (%) | Споредбена анализа оств. тек. година / план. тек. год (%) | Структурна Анализа Тековна година (%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Приходи од дејноста** | | | | | | |
| 1 | Дел од акциза од нафтени деривати | 633.579 | 775.000 | 625.467 | 98,72% | 80,71% | 42,80% |
| 2 | Патарина | 475.277 | 687.500 | 495.096 | 104,17% | 72,01% | 33,88% |
| 3 | Регистрација (патна такса) | 341.573 | 407.000 | 335.437 | 98,20% | 82,42% | 22,96% |
| 4 | Други приходи | 5.403 | 10.750 | 5.208 | 96,39% | 48,45% | 0,36% |
| 5 | **Вкупни оперативни приходи (1+2+3+4)** | **1.455.832** | **1.880.250** | **1.461.208** | **100,37%** | **77,71%** | **100,00%** |
| | **Останати приходи** | | | | | | |
| 6 | Приходи од камати | 108 | 1.250 | 414 | 383,33% | 33,12% | 10,24% |
| 7 | Приходи од позитивни курсни разлики | 564.887 | 140.000 | 3.627 | 0,64% | 2,59% | 89,76% |
| 8 | **Вкупно останати приходи (6+7)** | **564.995** | **141.250** | **4.041** | **0,72%** | **2,86%** | **100,00%** |
| 9 | **Вкупно приходи (5+8)** | **2.020.827** | **2.021.500** | **1.465.249** | **72,51%** | **72,48%** | **100,00%** |

во илјада денари (000)

VIII. Табела СПЕЦИФИЦИРАНИ РАСХОДИ ПРВ КВАРТАЛ 2019

| | **4. Специфицирани расходи** | **Остварено за прв квартал 2018 година** | **Планирано за прв квартал 2019 година** | **Остварено за прв квартал од 2019 година** | **Споредбена анализа оств. тек. година/ оств. претх. Год. (%)** | **Споредбена анализа оств. тек. година / план. тек. год (%)** | **Структурна Анализа Тековна година (%)** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Расходи од дејноста** | | | | | | |
| 1 | Трошоци за суровини и материјали | 14.584 | 5.250 | 17.576 | 120,52% | 334,78% | 1,70% |
| 2 | Услуги со карактер на материјални трошоци | 372.713 | 244.750 | 374.164 | 100,39% | 152,88% | 36,20% |
| 3 | Останати трошоци од дејноста | 171.298 | 86.125 | 169.473 | 98,93% | 196,78% | 16,39% |
| 4 | Трошоци за вработени | 36.166 | 66.250 | 42.781 | 118,29% | 64,58% | 4,14% |
| 5 | Амортизација | 416.107 | 450.000 | 429.722 | 103,27% | 95,49% | 41,57% |
| 6 | **Вкупни оперативни расходи (1+2+3+4+5)** | **1.010.868** | **852.375** | **1.033.716** | 102,26% | 121,27% | 100,00% |
| | **Останати расходи** | | | | | | |
| 7 | Расходи по основ на камати | 169 | 125.000 | 125 | 73,96% | 0,10% | 0,02% |
| 8 | Расходи по основ на курсни разлики | 2.126 | 389.000 | 576.613 | 27121,97% | 148,23% | 99,98% |
| 9 | **Вкупно останати расходи (7+8)** | **2.295** | **514.000** | **576.738** | **25130,20%** | **112,21%** | **100,00%** |
| 10 | **Вкупно расходи (6+9)** | **1.013.163** | **1.366.375** | **1.610.454** | **158,95%** | **117,86%** | **100,00%** |
| | | | | | | | |
| 1 | Трошоци за плати и придонеси | 33.939 | | 38.888 | | | |
| 2 | Просечен број на вработени | 423 | | 442 | | | |

IX Извештај за реализирани ивестициони активности во I квартал 2019 година:

| Инвестициона програма | Програма 2019 година | Реализација I-III-2019 | Реализација I-III-2018 | Споредба I-III-2019 /I-III-2018 | Реализација I-III 2019/програма 2019 | Структура на одделни во вк. реализирани инвестиции во периодот I-III 2019 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно инвестиции** | **13.116.800.000** | **2.957.720.861** | **941.196.966** | **314,25** | **22,55%** | **100,00%** |
| **1) Инвестиции од сопствени средства** | **2.904.500.000** | **420.223.986** | **280.096.435** | **150,03** | **14,47%** | **14,21%** |
| * Градба, рехабилитација, осветлување, сигнализација, мостови, тунели, свлечишта и сопствено учество во инвестиции од странски кредити | 1.668.500.000 | 213.473.483 | 113.569.264 | 187,97 | 12,79% | 7,22% |
| *Инвестиционо одржување на патишта (Македонија пат) | 550.000.000 | 28.453.777 | 5.794.915 | 491,01 | 5,17% | 0,96% |
| *Надомест за одземен имот - експропријација | 200.000.000 | 134.945.641 | 80.705.008 | 167,21 | 67,47% | 4,56% |
| *Расходи за инфраструктурни проекти и надзор | 478.700.000 | 43.351.085 | 78.077.732 | 55,52 | 9,06% | 1,47% |
| *Опрема | 7.300.000 | 0 | 1.949.516 | 0 | 0% | 0% |
| **2) Инвестиции од странски кредити** | **10.212.300.000** | **2.537.496.875** | **661.100.531** | **383,83** | **24,85%** | **85,79%** |

1. **За инвестиции од сопствени средства** во извештајниот период беа реализирани 420.223.986 денари и тоа:

- Средствата во износ од 213.473.483 денари беа потрошени за ситуации за рехабилитација на дрќавни и регионални патишта и тоа; санација на магистрален пат Неготино-Демир Капија, Сарај-Групчин, Тркање-Пишица, Здуње-Колари, Радовиш-Подареш, рехабилитација обиколница Скопје (Стајковци-Миравци), потоа санација на свлечишта и рехабилитација на мостови. Исто така реализирани се средства за сопствено учество во инвестиции од странските кредити и тоа за исплатата на ДДВ по ситуации за проекти финансирани од кредити од ЕБОР и најголем дел сопственото учество во инвестициите финансирани од Ексим банка за патните правци Миладиновци-Штип и Кичево-Охрид.

- За инвестициско одржување на државните патишта во првиот квартал од 2019 година потрошени се средства во износ од 28.453.777 денари согласно Договорот и Програмата за одржување на државните патишта со ЈП "Македонија пат".

- За надомест за одземен имот, односно експропријација беа потрошени 134.945.641 денари.

- За реализација на ставката расходи за инфраструктурни проекти и надзор во првиот квартал од годината беа потрошени 43.351.085 денари, односно 9,06% од вкупно планираните средства за 2019 година. За надзор над изградбата и одржувањето на патиштата беа потрошени 39.417.104 денари и тоа за надзор над градби финансирани од меѓународни кредити, како и надзор над изградбата на проектите финансирани од сопствени средства за кои ЈП за државни патишта има склучено договори. За изработка или дополнување на инфраструктурни проекти во извештајниот период реализирани се 3.933.981 денари.

2. **За инвестициите од странски кредити**, беа реализирани вкупно 2.537.496.875 денари и тоа: За реализација на Проектот за електронска наплата на патарини, Програма за градба на национални патишта финансирани од **ЕБОР** потрошени се 217.766.496 денари; За реализација на Проектот за подобрување на магистрални и регионални патишта и за Проектот за унапредување и развој на патиштата (Ранковце – Крива Паланка) финансирани од кредит од **Светска Банка** потрошени се 49.726.641 денари и инвестиции кои се реализираат од кредитот од **Ексим банка** 2.270.003.738 денари.

Директор
Зоран Китанов